Македонско друштво “Илинден”-Тирана ја изразува својата загриженост за положбата на Македонците во Ербле, Долно Крчиште и Горно Крчиште областа Полени, Маќелара отворено ја повикуваме Владата и општина Маќелара и округот Дебар итно да преземи соодветни мерки за подобрувањо на состојбата. Исто така, сметаме дека досегашното однесување кон овје села и тамошното население значи кршење на основните човекови права според меѓународните конвенции. Како потврда за ваквиот наш став е фактот дека во последните 25 години малку е инвестирано во овје села населена со македонско население. Патната инфраструктура е во лоша состојба, и срамно е во 21. век да нема асфалтиран пат. Тоа е главната причина за слабиот економски развој на селата. На овој начин, македонското население се иселува од селата Ербле, Долно Крчиште и Горно Крчиште, поради лошата состојба. Друг посебен проблем немаме водовод и канализација, среќа што повеќето имаме бунари, а некои на раце мора да ја пренесат секоја капка вода од селската чешма. Во катастрофална состојба е и здравствената заштита нема здраствен дома.Имено, во времето на комунизмот имаше здраствен дом во селото после 25 години демократски развој селото уште нема здраствен дом. Дополнителен проблем за македонслкото малцинство во Албанија е фактот што децатаieможат да го изучуваат мајчиниот јазик во училиште, иако со меѓународните конвенции за човекови права тоа нешто е решено. Поради сите овие егзистенционални проблеми на македонското малцинство во селата Ербле, Долно Крчиште и Горно Крчиште, Македонско друштво “Илинден”-Тирана бараат од владата, општината и од округот Дебар да преземе соодветни мерки да се подобри ситуацијата.

Македонско друштво “Илинден”-Тирана

Претседател Никола Ѓурѓај

**www.ilinden-tirana.com**